

# недела на ПОЛСКИ ФИЛМ

м-р Гена Теодосиевска:

# КРОТКИОТ ЧОВЕК СО БУНТОВНО СРЦЕ

**„Кога еден филм е создаден, тој е креиран на јазик кој не е составен само од зборови туку и начин преку кој тој јазик ја отвора нашата перцепција за светот, нашето разбирање и поимање за него.“**

**Анджеј Витолд Вајда**

**...**

Едно од најпроминентните имиња во европска кинематографија по Втората светска војна е **Анджеј Вајда (1926-2016)**, полски филмски, телевизиски и театарски режисер и сценарист, кој во својата богата уметничка кариера од периодот 1955-2016 г. режирал над 35 играни филма, повеќе од 50 театарски претстави и 12 телевизиски документарни филмови. Мошне интересни за филмските уметници се и неколкуте story board скици, кои сам ги изработувал за своите први филмови во почетокот на својата кариера, а денеска се чуваат во познатото Вајда студио, посебно препознатливи како неговата воена (анти-воена) трилогија: ГЕНЕРАЦИЈА (1955), кој се смета за прв голем филм на Вајда, КАНАЛ (1957) со кој истата година триумфира на Канскиот фестивал и ја добива Специјалната награда на жирито (ја делел со Бергмановиот филм СЕДМИОТ ПЕЧАТ) и ПЕПЕЛ И ДИЈАМАНТИ (1959), антивоена драма со харизматичниот полски актер, атрактивниот Збигњев Цибулски.

**Анджеј Витолд Вајда** се родил во 1926 година во градот Сувалки, познат како комерцијален центар на североисточна Полска, од мајката Аниела, учителка, и таткото Јакуб, армиски офицер, кој бил застрелан од Руската армија во 1940 година во Катинската шума. Мошне млад се приклучува кон илегалниот отпор против нацистите и бил активно вклучен во борбите на партизанските одреди. По војната бил силно привлечен од визуелните уметности додека работел како асистент при реставрацијата на фреските во црквата во питорескниот град Радом (100 км јужно од Варшава), денес познат туристички центар, така што решава да студира и се запишува на *Високата школа за ликовни уметности во Краков* (1946-1949). Но, неговиот немирен дух не го издржал самувањето пред сликарското платно. Вајда бил исклучително социјален тип, обожувал дружби и велат дека лесно се вљубувал, па неговите пријатели се шегувале на негова сметка кога во кафеаната влегувала непозната девојка. Тој многу ја сакал драмата како литературен жанр, а потоа открил дека филмската уметност за него е вистинскиот мелем. Затоа, студирал и дипломирал на познатата *Филмска школа во Лоѓ* (1949-1953), каде што магистрирал на отсекот режија и каде што запознава истомисленици и доживотни пријатели меѓу студентите и професорите. Воената (анти-воената) трилогијата на Вајда се смета за зачеток во значењето на *Полската филмска школа* како референтна филмска естетика на која ѝ се приклучуваат еминентни уметници и интелектуалци кои создаваат во периодот од 1956 до 1963 година, меѓу кои, покрај Анжеј Вајда, се и режисерот Јержи Кавалерович (познат по неговиот политички ангажман како член на Полската работничка партија, а потоа и пратеник во Парламентот), режисерите и сценаристи Анджеј Мунк, Војцех Јержи Кас, Станислав Розевиц и други. Филмовите на членовите на *Полската филмска школа* биле карактеристични по препознатливиот симболизам во налетите на социјалните и политичките промени во Полска за време на Втората светска војна, окупацијата на Полска

од нацистичкиот режим, периодот на познатото востание во Варшавското гето, летото 1944 година и потоа. Вајда се издвојува по својата сценаристичка и режисерска работа во употребата на – нему омилените – алегории и симболизам во филмскиот концепт, блиски до италијанскиот неореализам на почетокот на неговата кариера, а во подоцнежните негови продукции, визуелните прикази често добиваат шарм и авторска есенција на францускиот *film noire.*

За него велат дека голема почит имал кон писателите, луѓето од перо, како што тој ги нарекувал, а особено му биле интересни делата во кои психолошкиот момент на одлука повлекува низа отстапки, особено морални. Тој со умешност ги формира карактерите во своите филмови според одредени литерарни ликови од делата на Славомир Мрожек, Адам Мицкиевич, Јержи Анджејевски, та затоа неговите јунаци се револуционери, десиденти, имигранти, социјалисти, разочарани херои, заборавени херои, изгубени и скршени херои, вљубени херои и антихерои. Но, ситуациите во кои тој ги „внесува" тие свои јунаци, херои и антихерои се секогаш блиску до работ на амбисот наречен „врата во извртената слика на општеството". Тие секогаш можат да се вратат чекор наназад, кон удобното и спокојно утро, со навлечени завеси на прозорците, игнорирајќи го грдото секојдневие, но мигот е „зграпчен", младешкиот занос и идеалот ги понесува и тој миг за неговите херои е вечност, тоа е вистинскиот избор, смртта не постои, само тој миг... Тоа Вајда знае мајсторски да го изрежира, спротиставувајќи го протагонистот со тегобноста на просторот, гледачот само треба да внимава на деталите кои ги симболизираат оние силни пориви на авторот, неговиот беспрекорен дух да остане човек докрај и неговата борба со вистината и со неправдата. И покрај тоа што неговата генерација филмски автори се познати по преференција на денарација и рушење на митовите во повоена Полска, по напуштањето на веќе поставените традиционални филмски конструкции, по неконвенционалниот начин на снимање на филмскиот сет, Вајда со своите филмови никогаш не ги изневери своите сограѓани во оддавањето почит кон вистинските херои на војната, обичните луѓе, работниците, оние кои беа понижувани, измачувани, убивани, протерувани, а се бореа за основното човеково право, да дишат и да бидат слободни, тој всушност никогаш не се изневери себе си. Идеализмот и бруталноста се моќно присутни во неговите ликови. Неспокојот е ситуација која ги следи сите превирања во неговите стории.

Во **ГЕНЕРАЦИЈА** (Pokolenie), работен според автобиографскиот роман на Бохдан Ческо, кој е и сценарист, Вајда судира два света, два млади живота. Филмот е сместен во варшавското работничко сиромашно предградие Вола, во 1942 година, во виорот на Втората светска војна за време на најсверските нацистички убиства во Полска. Младиот Стах (Тадеуш Ломницки), неодговорен, осамен, запуштен и очаен по смртта на својот пријател, и Дорота (Урсула Моджинска), се антиподи на војната, младоста и љубовта. Интересно е што на сетот на овој филм за прв пат е употребен ефектот на симулација на крвави рани со лажни куршуми (squibs), а мајсторот на овој визуелен ефект за да го постигне бараниот резултат користел кондом со лажна крв и динамит. Со овој филм Анджеј Вајда го следи патот на својот голем пријател, највлијателниот ликовен уметник во повоена Полска, сликарот Анджеј Вроблевски, познат по својата серија на надреални и фигуративни дела „*Стрелања*". Еден од актерските ликови, пак, (Мундек) е олицетворен од големиот пријател на Вајда, Роман Полански, кој подоцна ќе изјави: „За нас ова беше многу значаен филм. Како целата полска кинематографија да

почнуваше со овој филм. Тоа за сите нас претставуваше извонредно искуство. Сите бевме толку млади... Вајда беше многу млад, искрен. Сите верувавме во тоа што го правиме". На овој прв долгометражен игран филм на Вајда филмската фела во Полска не гледала со наклоност, напротив, тие не ја одобрувале сликата преку која ја прикажува Полска во тоа време, претенциозната комунистичка пропаганда мошне присутна во филмот, нечистотијата и мизеријата, но најмногу начинот на неговата режисерска работа, која вклучувала користење минимално светло, природни временски услови. Тврделе дека Вајда ги прекршил веќе воспоставените продукциски перцепции. Филмот е снимен на локации каде што за прв пат во еден полски филм биле снимени сцени на вистински дожд, со вистински облачно темно небо, што естетски и технички се сметало за анатема во филмот. Но, Вајда немал намера да се брани, имал намера да работи, да создава нови филмови. Неговиот втор филм **КАНАЛ** (Kanał) претставува воена драма, работена според вистински настан, според новелата на Јержи Стефан Ставински *„Тие го сакаа животот"*, и претставува одговор на неговиот прв филм и повторно го враќа името на Анджеј Вајда на насловните страници на дневните весници и неделни списанија низ Европа. Филмот е полн со многу добро обликувани карактери, секој од нив носи една позната човечка природна состојба, особина, мана или доблест. Смелост, лудост, сомилост, искреност, неискреност, љубов, страв, разочараност. Одред од 43 војници на силите на отпорот, предводени од храбриот, решителен и чесен поручник Задра (Венцислав Глински), заедно со нивни сограѓани, меѓу нив и композиторот Михал, се обидуваат да го избегнат нацистичкиот масакр, одлучувајќи да се повлечат од разрушената Варшава и изолираната област Мокотов, користејќи ги каналите под градот. Тешка, трогателна драма се одвива меѓу ликовите на овој втор црно-бел филм на Вајда. Секој сака да живее, но не по секоја цена, не по цена да остане сам и да го изгуби семејството, тогаш се губи смисла. Овде Вајда го става настрана идеолошкото, политичкото, а го издигнува поединецот кој самиот со себе ги носи судбинските пранги. И во КАНАЛ визуелните симболи и алегории се пресудни и импресивни, како прашината низ руинираниот град, кој сè уште се урива и станува прашина пред нивните очи, како ниско спуштените облаци, како огнот што гори близу расклатениот фрлен клавир покрај патот, а композиторот Михал (Владек Шејбал) не може да одолее да не притисне неколку клавиши, како романтичниот хероизам во лицето на Стокротка (Терезе Ижевска), како темната вода во каналот и истрелот во глувата ноќ на Халинка (Тереза Березовска). Овој филм на Вајда е ода за една скршена генерација и маестрално повлекува линија и нè уверува дека уметноста е предупредување, дека уметноста е и прочистување, потенцирајќи го „триумфот на хероизмот на животот, над триумфот на хероизмот на смртта". И покрај контроверзите кои го следеа овој филм дека се враќа на романтичниот хероизам, сепак во суштина Вајда, со својот сензуален стил, ги обликува карактерите во КАНАЛ и им дава херојска димензија. Во последниот филм од оваа црно бела трилогија **ПЕПЕЛ И ДИЈАМАНТ**И (Popiół i diament), главните улоги ги толкуваат Збигњев Цибулски (Мацек) и Ева Кшижевска (Кристина), актери кои го полнат екранот со своите појави. Филмот е конципиран како акциска драма со романтичен вкус и го прикажува времето по војната, 1948 година, и претставува сага по вистинскиот идеализам и разнишаната доверба во поранешните соборци, на кои им се доверувал животот. Овој пат на тројца поранешни војници од Народната армија им се доверува задача да го убијат главниот опонент на нивната армија. По неуспехот на првиот обид и сите непредвидливи случувања пред

вториот, се случува љубов, која не може да опстане, бидејќи смртта ги демне и убиецот и жртвата. Вајда не зазема страна во овој филм, тој ги прикажува нештата како што се одвивале и затоа бил многу критикуван. Неговиот продуцент за овој филм не добил дозвола да се прикаже на Канскиот фестивал, но се прикажал на Венецискиот филмски фестивал и таму ја добива наградата на меѓународната критика ФИПРЕСЦИ (FIPRESCI). Можеби е соодветно и да се спомене дека фронтменот на Пинк Флојд (Роџер Вотерс) бил импресиониран од филмот на Вајда и песната *Две сонца на заоѓање* (Two suns in the Sunset) ја напишал во чест на Вајда и филмот, додека пак, познатиот театарски режисер Еуџенио Барба, откако неколку пати го гледал филмот во Осло, решил да оди во Полска и да се ги продолжи своите студии на отсекот режија, но не завршил до крај, иако соработувал како помошник режисер на Јержи Гротовски, а за неговото искуство во Полска во 1999 година ќе ја издаде книгата „Во земјата на пепелта и дијамантите". Не му било лесно на Вајда да се оддели од својата тема за војната и лузните од неа, тој е длабоко врзан со иронијата на познатата мисла дека „револуцијата ги јаде своите деца", затоа што тоа што го добиле како комунистичка влада во Полска не било она за што тој и неговите соборци сонувале, затоа и почнува да го обмислува филмскиот диптих, кој потоа ќе му донесе меѓународна почит слава и бројни награди: **ЧОВЕК ОД МЕРМЕР** (Człowiek z marmuru) и ЧОВЕК ОД ЖЕЛЕЗО (Człowiek z żelaza); првиот филм го завршил во 1977, додека вториот во 1981 година. Двата филма го рефлектираат режисерскиот гнев кон сталинистичкиот режим и неговите инсталации во Полска кои се ригорозни и репресивни, но и непријателството кон културниот естаблишмент којшто континуирано врши опресивна рестрикција на уметничката импресија. Во првиот филм, прекрасната Кристина Јанда има улога на млада режисерка Агњешка која прави (се обидува да снима) документарец за симболот на работничката класа и пролетаријатот во Нова Хута (место близу Краков), ѕидарот Матеуш Биркут (Јержи Радзивилович), а насловот на филмот реферира на мермерниот споменик кој е вајан според ликот на Биркут. Младата и итра режисерка низ филмот се обидува да ги избегне сите административни и физички стапици кои го кочат нејзиниот проект и очајно го бара Биркут, кого никаде го нема. Една интересна фуриозна драма на која Вајда ѝ дава западноевропски шмек, но пред сѐ ја изнесува на виделина иронијата во верба на државниот етатизам и надојдената плима предводена од уметниците и филмаџиите. Филмот го навестува и раѓањето на *Солидарност*, работничкото движење кое ќе ги прерасне во значајна политичка сила во Полска. Биркут во филмот е прогласен за предавник заради својот другар, и на крајот малку необјасниво го снемува. Вајда неколкупати го менувал крајот на сценариото и сакал да навести дека Биркут е убиен, но тоа го сторил во вториот дел од филмскиот диптих. Предизвикуваат внимание црно-белите архивски снимки кои Агњешка ги користи во својата филмска теза, бидејќи без нив би имало многу празни одови во филмот. Со ова Вајда ја нагласува важноста од историските вистини, не само од историјата како референца туку и од документираните скриени досиеја на многумина интелектуалци и работници, членови на *Солидарност* кои исчезнале и се воделе само како исчезнати. Филмов е посебно важен во историјата на Полската кинематографија. Вториот негов филм од диптихот **ЧОВЕК ОД ЖЕЛЕЗО** (1981) е продолжение на сторијата за работниците на гдањското бродоградилиште и членовите на *Солидарност*, следена низ ликот на Мацек Томчик, синот на ѕидарот Биркут, и на радио новинарот Винкел, пион на режимот, кој се обидува да го провоцира и да го наклевети Мацек, кој во меѓувреме

стапува во брак со новинарката Агњешка. Ова е еден топла човечка драма, исполнета со низа темни лавиринти на човечката душа, понекогаш изгубена, понекогаш убиена во срж, но филм кој на Вајда ќе му ја донесе „Златната палма" во Кан во 1981 година. Во филмот се појавува и Лех Валенса лично, како дел од иконографијата на отпорот кон државата и нејзината контрола над нивните животи. Во тоа Вајда е непогрешлив, останувајќи верен на неговите алегории и често скриени визуелни симболи, тој отворено покажува колку таа власт имала конторола, не само врз нивните животи туку и врз нивната смрт. Ова е филм кој ги надополнува сите нејаснотии останати од ЧОВЕК ОД МЕРМЕР, филм кој заедно со неговиот трет филм ПЕПЕЛ И ДИЈАМАНТИ – ќе влезе на седум листи за 100 најдобри филмови на сите времиња. Анджеј Вајда, пред крајот на својот живот, како последно збогум во спомен на својот татко – ја режира историската драма **КАТИН** (Katyń) во 2007 година, филм за една одамна извршена, а прикриена човечка трагедија, масакр за кој никој никому не се извини, убиството на полските војници во Катинската шума. Покрај предметите (копчињата, бројаниците) „преживува" и љубовта. Човечката природа се навикнува и на најдоброто и на најлошото, Вајда со овој филм затвора еден свој магичен круг, полн со премрежија и привиденија толку потребни за да не се заборави.

Неговите филмови се симбол на издигнувањето на човекот над сите неправди, понижувања, омаловажувања, клевети, навреди, симбол на паметењето над смртта. И покрај тоа што ги освои сите национални награди за неговите филмови во Полска, Вајда ги доби почесните признанија „Златен Лав" во Венеција и „Златна мечка" во Берлин. По Фелини и Бергман, тој беше третиот филмски режисер што ја доби „Европската филмска награда за животно дело". Доби и четири номинации за Оскар за најдобар странски филм, а од рацете на легендарната Џејн Фонда во 2000 година го прими и почесниот „Оскар за придонес кон светската филмска уметност". Вајда е најдобриот режисер во адаптација на прозни дела, тој е виртуоз во кастингот и во бирање на соработници. Прецизен е во дефинирањето и заокружувањето на карактерите, режисерскиот занает навистина е како создаден за него. Неговите карактери и ден-денес сè уште се полнокрвни и можеме да ги сретнеме по нашите улици. Недореченостите и прикривањето на вистината секој народ ги има почувствувано, затоа и филмовите на Вајда ќе бидат секогаш актуелни и често цитирани, како и одново и одново гледани...

**...**

***Можеби ќе ми беше полесно да пишувам за Вајда ако имав шанса да го запознам, но можеби и не, насловот на овој текст е извлечен според сеќавањата на мојата пријателка, полската кинематограферка Јоланта Дилевска (Jolanta Dylewska) со која кога и да имав шанса да ја сретнам разговаравме за филмаџиите кои прават смели филмови. Често во нашите разговори јас ги употребував изразите бледи, млаки и смели. Да, така некакwо и ги подредував ликовите на филмските автори кои не ги познавав лично, а имав шанса да ги гледам нивните филмови. Анджеј Вајда го подредував под смелите, а таа во една прилика ми рече: „Тој изгледа како тивок човек, со спокојно лице, но со очи кои стрелаат, а самиот тој има енергија да го подигне светот, изгледа обично, а необичен е".***

***Авторот***

## 16 ДЕКЕМВРИ (ПЕТОК) 20:00 ч.
## *ЧОВЕК ОД МЕРМЕР*
## (Czlowiek z marmuru / Man of Marble)

Игран филм, Полска
1977, 165 мин., црно-бел/колор, ДЦП
Режија: Анджеј Вајда (Andrzej Wajda)
Сценарио: Александер Шчибор-Рилски (Aleksander Ścibor-Rylski)
Улоги: Јержи Радзивилович, Кристина Јанда, Тадеуш Ломницки, Михал Тарковски
(Jerzy Radziwilowicz, Krystyna Janda, Tadeusz Lomnicki, Jacek Lomnicki, Michal Tarkowski)

Ањешка (Јанда) е млада студентка по филмска режија и за нејзиниот дипломски испит подготвува документарен филм за ѕидарот Матеуш Биркут (Радзивилович), ударник и херој на работничката класа од педесеттите години на минатиот век. Биркут бил славен од политичката елита во идеолошки цели, но потоа му се губи трагата. Ањешка е темелна во нејзиното истражување, разговара со неговите познаници, сопругата, режисерот што во тој период снимил документарен филм за работничкиот херој, го пронаоѓа и неговиот син Мачеј Томчик (го игра повторно Радзивилович)... На површина излегуваат податоците за реалниот живот на херојот-ударник кој постојано ги надминувал нормите во градењето станови за сите работници. Биркут верувал во револуцијата на пролетаријатот, а во јавноста бил третиран речиси како филмска ѕвезда. Но, под превезот на пропагандата излегува вистинската слика за Биркут, па Ањешка ќе мора да се соочи со политичката цензура: супервизорот на нејзиниот дипломски испит ѝ го прекинува проектот бидејќи го надминала планираниот буџет. Ќе успее ли Ањешка да го доврши филмот, а да остане своја?
ЧОВЕК ОД МЕРМЕР ја освоил наградата на филмската критика ФИПРЕСЦИ на фестивалот во Кан (рамноправно со МИРИСОТ НА ПОЛСКОТО ЦВЕЌЕ на Срѓан Карановиќ!), како и наградата на полските филмски критичари.

**Возрасна категорија: 14 години**
**Влезница: бесплатен влез**







## 17 ДЕКЕМВРИ (САБОТА) 18:00 ч.
## *ПЕПЕЛТА*
## (Popioly / The Ashes)

Игран филм, Полска
1965, 235 мин., црно-бел, ДЦП
Режија: Анджеј Вајда (w)
Сценарио: Александер Шчибор-Рилски, Стефан Жеромски
(Aleksander Scibor-Rylski, Stefan Żeromski)
Улоги: Даниел Олбрицки, Богуслав Керц, Пјотр Висоцки
(Daniel Olbrychski, Boguslaw Kierc, Piotr Wysocki)

Сторијата на ПЕПЕЛТА (насловот на овој филм се среќава и во преводот ПЕПЕЛ И ПРАВ) говори за полските легии под заповедништво на генералот Домбровски кои во војните и воените походи низ Европа во почетокот на 19-ти век се бореле на страната на Наполеон Бонапарта, со надеж дека ќе ја возобноват полската држава. Филмот на Вајда е екранизација на истоимениот роман на Стефан Жеромски. Олбромски (Олбрицки) е млад благородник кој, воден од идејата за слобода и обединување на поделената Полска, ќе ѝ се придружи на легијата на полските доброволци во војните што ги води Наполеон ширум Европа. ПЕПЕЛТА е голем и скап епски спектакл за периодот во кој е снимен (Бугарија, на пример, ги „глумела“ пејзажите на Шпанија) – и во него војната е прикажана во сурова димензија, без вообичаеното романтизирање. Впечатливи се сцените во кои полските легионери ги масакрираат воените заробеници и ги силуваат жените во освоените градови. Реконструкцијата на битката за Сомосиера крај Мадрид во 1808 година – во која учествувале француско-шпанско-полските војски од една страна и шпанските герилци од друга – предизвикала бројни контроверзи. Јуришот на коњаницата на полската легија кон шпанските топови, во историјата обично бил опишуван како херојски чин, а во ПЕПЕЛТА на Вајда е прикажан како тотално бесмислен чин во кој војниците гинат беспотребно. Националистите и десничарите во Полска подоцна ќе му замерат на Вајда дека бил послушник на комунистичките власти во Полска, па затоа го протежирал стереотипот наречен „kozietulszczyzne“ („кожетулшчезне“), кој ги прикажувал полските патриоти во крајно негативна конотација...
ПЕПЕЛТА беше во официјалната натпреварувачка конкуренција на Филмскиот фестивал во Кан 1966 година, а Вајда беше номиниран за „Златна палма“ за најдобра режија.

**Возрасна категорија: 14 години**
**Влезница: бесплатен влез**





## 19 ДЕКЕМВРИ (ПОНЕДЕЛНИК) 20:00 ч.
## *КАНАЛ*
## (Kanal)

Игран филм, Полска
1957, 95 мин,. црно-бел, ДЦП
Режија: Анджеј Вајда (Andrzej Wajda)
Сценарио: Јержи Стефан Ставински (Jerzy Stefan Stawinski)
Улоги: Тереза Ижевска, Тадеуш Јанчар, Венчислав Глински, Тадеуш Гваздовски, Станислав Микулски (Teresa Izewska, Tadeusz Janczar, Wienczyslaw Glinski, Tadeusz Gwiazdowski, Stanislaw Mikulski)

Приказната на филмот, кого историчарите на филмот и филмските критичари го сметаат за алегорична слика на пеколот, е сместена во Полска за време на Варшавското востание во Втората светска војна. Еден од најгрозоморните настани во трагичната војна се случува кон крајот на летото 1944 година. Вооруженото востание е кренато од страна на полското движење на отпорот или Татковинската *(Земска)* војска (на полски *Armia Krajowa*) за време на повлекувањето на германската армија под налетот на советската Црвена армија, која ги потиснува нацистите од територијата на СССР и напредува кон Берлин. По почетните успеси на полските борци, отсуствува помошта за востанието од страна на Црвената армија, па Германците го задушуваат во крв и го разурнуваат градот до темел, слично како и Варшавското еврејско гето при очајничкото востание во 1943 година. Поручникот Задра добива наредба да ги скрие неговите борци во градската канализација, но, нивниот очајнички обид да го избегнат најлошото ќе резултира со многу жртви и страдања. Во клаустрофобичниот простор во кој Вајда го сместува мизансценот на воената драма, се преплетуваат личните драми со општата агонија на градот. Поручникот Задра е командант на одред кој брои 43 борци, опколени од нацистите во една населба. Иако знаат дека немаат шанси за успех, тие храбро се борат против Германците. Меѓу борците се наоѓа и војникот Јацек, со партизанко име Кораб: во моментот кога во четата пристигнува неговата девојка Стокротка, Кораб е ранет. Штабот им наредува на борците да се повлечат и да се пробијат до центарот на градот низ градската канализација. Иако Задра и борците не сакаат, мора да ја послушаат наредбата. Низ цевките на канализацијата, освен одредот се крие и бројно цивилно население кое сака да ја избегне одмаздата на германските војници. Борците од одредот имаат проблеми со нив, со гасовите кои се ослободуваат и ги зашеметуваат, како и со лавиринтот од канали кои се податни за криење, но и тешки за наоѓање излез од целата таа ситуација. Ранетиот Јацек со помош на Стокротка некако се пробиваат низ канализацијата, а Задра и соборците се мачат да го најдат излезот. И кога некако ќе успеат да стигнат до излезот, таму ги чека непријатно изненадување...
КАНАЛ, со претходниот филм на Вајда, дебитантскиот ПОКОЛЕНИЕ (Pokolenie, 1954), како и со наредниот наслов ПЕПЕЛ И ДАЈАМАНТИ (Popiól i diament, 1958) ја сочинуваат неговата воена трилогија од Втората светска војна. Вајда за КАНАЛ ја

доби „Специјалната награда на жирито“ во Кан – наградата ја подели со Ингмар Бергман за СЕДМИОТ ПЕЧАТ (The Seventh Seal) – а филмот беше номиниран и за канската „Златна палма“, наградата БАФТА, итн...

**Возрасна категорија: 14 години**
**Влезница: бесплатен влез**





## 20 ДЕКЕМВРИ (ВТОРНИК) 20:00 ч.
## *ПЕПЕЛ И ДИЈАМАНТИ*
## (Popiól i diament / The Ashes and Diamonds)

Игран филм, Полска
1958, 105 мин., црно-бел, ДЦП
Режија: Анджеј Вајда (Andrzej Wajda)
Сценарио: Јержи Анджејевски (Jerzy Andrzejewski)
Улоги: Збигњев Цибулски, Ева Кжижевска, Валцлав Застжежински, Адам Павликовски, Богумил Кобјела (Zbigniew Cybulski, Ewa Krzyzewska, Waclaw Zastrzezynski, Adam Pawlikowski, Bogumil Kobiela)

Мачеј Хелмицки е млад борец на полската (земската) татковинска војска и последниот ден од Втората светска војна добива наредба да го убие секретарот на Комунистичката партија – Шчука. За време на војната, Мачеј и Шчука биле во две идеолошки спротивставени групи борци – демократското крило верувало во Западот, комунистичкото во СССР – но целта им била заедничка: борба против нацистите. Шчука претходно го избегнал атентатот, бидејќи, наместо него, по грешка се убиени двајца невини работници. Мачеј има морални сомнежи дали да ја изврши наредбата, но зема соба во хотелот веднаш до онаа на Шчука. Во хотелот треба да се одржи прослава во чест на победата над Германија. Мачеј ја запознава келнерката Кристина и меѓу нив веднаш се случува „хемија“, па завршуваат во собата на Мачеј, каде што водат љубов, но и во тие моменти тој размислува за ликвидацијата на Шчука. Шчука се враќа во собата, но Мачеј и Кристина излегуваат на прошетка. Стигнуваат до местото каде што се телата на несреќните работници и колебањето на Мачеј станува сè поголемо. Неговиот соборец Анджеј му се заканува дека ќе биде прогласен за предавник ако не ја изврши наредбата. Комунистичката војска заробува група борци на Татковинската (Земска) војска, меѓу кои и синот на Шчука. Во хотелот доаѓа офицер, кој го известува Шчука за неговиот син. Кога Шчука излегува од хотелот, Мачеј го следи и го убива, а потоа бега, но наидува на група војници кои го рануваат...
Критичарите ја истакнуваат исклучителната визуелна и монтажна димензија на ПЕПЕЛ И ДИЈАМАНТИ, полн со симболични елементи, и влијанието што во тој период од творештвото на Вајда го имал филмот ГРАЃАНИНОТ КЕЈН (Citizen Kane, 1941) на Орсон Велс (Orson Welles), а посебно неговиот кинематографер Грег Толанд (Gregg Toland ). Филмот ја добива наградата на критиката ФИПРЕСЦИ на фестивалите во Венеција и на островот Фаро. На фестивалот во Фаро – Вајда ја освојува и „Големата награда на жирито“, а беше номиниран и за наградата БАФТА, како што беше и главниот актер – Збигњев Цибулски.

**Возрасна категорија: 14 години**
**Влезница: бесплатен влез**





**21 ДЕКЕМВРИ (СРЕДА) 20:00 ч.**

## ***НЕВИНИ ВОЛШЕБНИЦИ***

## **(Niewinni czarodzieje / Innocent Sorceres)**

Игран филм, Полска
1960, 87 мин., црно-бел, ДЦП
Режија: Анджеј Вајда (Andrzej Wajda)
Сценарио: Јержи Анджејевски, Јержи Сколимовски
(Jerzy Andrzejewski, Jerzy Skolimowski)
Улоги: Тадеуш Ломницки, Кристина Стипулковска, Ванда Коческа, Роман Полански, Згигњев Цибулски (Tadeusz Lomnicki, Krystyna Stypulkowska, Wanda Koczeska, Roman Polanski, Zbigniew Cybulski)

НЕВИНИ ВОЛШЕБНИЦИ е на некој начин автобиографски филм на Вајда и прв негов наслов со современа тематика, а во една од главните улоги настапува и Роман Полански, а косценарист на веќе потврдениот Јержи Анджејевски, е Јержи Сколимовски, подоцна еден од водечките автори во полската кинематографија.
Млад и згоден доктор постојано е цел на додворување од страна на жените. Слободните вечери ги минува во боксерски клуб, свирејќи во џез оркестар. По еден таков настап, докторот и неговиот пријател заминуваат во кафуле, каде што неговиот пријател сака да ја запознае непознатата девојка што му се допаѓа. Сакајќи да му помогне на пријателот, докторот прв ѝ приоѓа на девојката и се запознава со неа. Докторот се претставува под лажното име Василие, а девојката, исто така лажно, како Пелагија. Потоа ќе завршат во неговиот дом, разговарајќи за моралот и љубовта. Според договорот, нивната намера е вечерта да ја минат со малку алкохол, прв бакнеж, интелектуален разговор и легнување в кревет. Но, циничната игра што заеднички ја започнале постепено се исполнува со искрени романтични чувства... НЕВИНИ ВОЛШЕБНИЦИ е лирска сторија на Вајда за генерацијата млади Полјаци од раните шеесетти години на минатиот век, кои за себе велат дека во дамнешните времиња мудреците трагале по богатство и лекови, а тие се невини волшебници што итаат да ги убијат сопствените надежи...

**Возрасна категорија: 14 години**
**Влезница: бесплатен влез**





## 22 ДЕКЕМВРИ (ЧЕТВРТОК) 20:00 ч.

## *ЧОВЕК ОД ЖЕЛЕЗО*

## (Czlowiek z zelaza / Man of Iron)

Игран филм, Полска
1981, 153 мин., црно-бел/боја, ДЦП
Режија: Анджеј Вајда (Andrzej Wajda)
Сценарио: Александер Шчибор-Рилски (Aleksander Ścibor-Rylski)
Улоги: Јержи Радзивилович, Кристина Јанда, Маријан Опанија, Ирена Бирска, Вислава Космалска (Jerzy Radziwilowicz, Krystyna Janda, Marian Opania, Irena Byrska, Wieslawa Kosmalska)

ЧОВЕК ОД ЖЕЛЕЗО е продолжение на ЧОВЕК ОД МЕРМЕР, во кој ги следиме истите ликови, Мачеј Томчик, синот на работничкиот херој Тадеуш Биркут (Радзивилович во двете улоги). Винкел (Опанија) е новинар од националното радио, склон кон алкохолизам, и добива задача да го истражува минатото и поведението на Томчик во бродоградилиштето во Гдањск, каде што започнува полската демократска револуција. Винкел треба да го дискредитира Мачеј Томчик бидејќи е член на движењето Солидарност, кое на почетокот на осумдесеттите години од минатиот век организира штрајкови на работниците, па државата мора да воведе вонредна воена состојба. Приликата за дискредитација на Томчик е податокот дека е син на Тадеуш, кој организирал работнички штрајкови откако сфатил дека е злоупотребен од комунистичките политичари. Тука е и ликот на Ањешка (Јанда) од претходниот филм ЧОВЕК ОД МЕРМЕР, во ликот на сопругата на Мачеј, притворена од властите. Медиумите под политичка контрола на комунистичката власт ќе имаат пресудна улога во судирот на синдикалните водачи на работниците со владејачката елита. Интересно е што во филмот мала епизодна улога има и Лех Валенса (Lech Wałęsa), вистинскиот претседател на синдикатите Солидарност во премрежијата на полското општество во осумдесеттите, кој се игра себеси. Филмот ја има документаристичката фактура со цел да ги прикаже економско-политичките прилики во тој период во Полска, па добар дел од филмот е снимен на локациите во Гдањск и бродоградилиштето. ЧОВЕК ОД ЖЕЛЕЗО му донесе „Златна палма“ и „Награда на екуменското жири“ на фестивалот во Кан, како и наградите на здруженијата на лондонските и њујоршките филмски критичари. Филмот освои и номинација за „Оскар“ во категоријата најдобар странски филм, но Полска го повлече филмот од конкуренцијата.

**Возрасна категорија: 14 години**
**Влезница: бесплатен влез**









*ЈОУ КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР - БИТОЛА*

**19 - 24 ДЕКЕМВРИ**

Стојан Синадинов

# АНДЖЕЈ ВАЈДА: (НАЈ)СЈАЈНИОТ ДИЈАМАНТ ВО ФИЛМСКОТО ПОКОЛЕНИЕ НА ПОЛСКА

**Неговиот авторски потпис стои на шпиците на повеќе од 50 филмски и телевизиски проекти во Полска и интернационална продукција, има освоено 60 награди на најпрестижните филмски фестивали во светот и речиси уште толку номинации.**

Обично велат дека некому треба да му се стемни, за на друг да му се раздени. А ако некому му се се стемнило засекогаш, како на Јосиф В. Сталин во 1953 година, тогаш тоа значело дека на многу филмски автори од некогашните земји од т.н. „источен блок“ под идеолошкиот чадор на СССР, во кои спаѓала и Полска, барем малку им се разденило во нивните творечки аспирации. Впрочем, со низа прекини и „пушти-стегни периоди“ на политичка цензура, некако убаво се наредени коцките во хронолошкиот мозаик: по смртта на Сталин живнува и полската кинематографија, а Анджеј Витолд Вајда (Andrzej Witold Wajda), како што гласи неговото целосно име и презиме, во 1955 година го снима својот дебитантски долгометражен игран филм ПОКОЛЕНИЕ (Pokolenie / A Generation), кој според филмските критичари и историчари на филмот – спаѓа во неговите најдобри остварувања.

Вајда таткото, за жал, не ја преживеал сенката на советскиот „Дарт Вејдер“ на почетокот на Втората светска војна, кога по поделбата на Полска од здружените сили на Хитлеровата Германија и Советска Русија, е ликвидиран заедно со 20-тина илјади други полски офицери во Катинската шума. Но, и за тоа подолу во текстот.

Шесте наслови од филмската недела посветена на Анджеј Вајда, хронолошки ги опфаќаат неговите рани (црно-бели) трудови: КАНАЛ (Kanal) од 1957 година, ПЕПЕЛ И ДИЈАМАНТИ (Popiól i diament / The Ashes and Diamonds) од 1958, НЕВИНИ ВОЛШЕБНИЦИ (Niewinni czarodzieje / Innocent Sorceres) од 1960, ПЕПЕЛТА (Popioly / The Ashes) од 1965 година (епска сага за полските легии во Наполеоновите војски од почетокот на 19-ти век), и двата иконични наслови од зрелото доба на авторот: ЧОВЕК ОД МЕРМЕР (Czlowiek z marmuru / Man of Marble) од 1977 и ЧОВЕК ОД ЖЕЛЕЗО (Czlowiek z zelaza / Man of Iron) од 1981.

•••

Каков режисер е Анджеј Вајда (1926-2016)?

Неговиот авторски потпис стои на шпиците на повеќе од 50 филмски и телевизиски проекти во полска и интернационална продукција, има освоено 60 награди на најпрестижните филмски фестивали во светот и речиси уште толку номинации. Меѓу останатите награди, во 1990 година ја добива „Европската филмска награда за животно дело“, на *Берлинале* во 1996 година ја добива наградата „Сребрена мечка“ за посебен придонес во филмската уметност, на *Филмскиот фестивал во Венеција* во 1998 година добива „Зла-

тен лав“ за животно дело, во 2000 година и почесен „Оскар“, а во 2006 година и почесна награда „Златна мечка“ на *Берлинале*.

Роден на 6 март 1926 година во Сувалки (Suwalki), Полска, починал на 9 октомври 2016 година во Варшава. Мајка му Аниела била учителка во украинско училиште, татко му Јакуб бил капетан во полската армија (пешадија).

Детството со брат му пред Втората светска војна го паметел како среќно, бидејќи со почетокот на војната го губи таткото, а во 1942 година станува член на движењето на отпорот. По војната се сели во Краков и студира сликарство на *Академијата за применети уметности*. Во периодот од 1950 до 1954 студира филмска режија на *Филмската академија во Лоѓ*, а веднаш потоа го снима и споменатиот дебитантски филм ПОКОЛЕНИЕ, воена драма, која со КАНАЛ и ПЕПЕЛ И ДИЈАМАНТИ, ја сочинуваат неговата трилогија за Полска за време на Втората светска војна.

Со КАНАЛ започнува и долгата низа награди од најзначајните филмски фестивали во Европа и светот: „Специјална награда“ на жирито во Кан за КАНАЛ, ФИПРЕСЦИ (FIPRESCI) во Венеција за ПЕПЕЛ И ДИЈАМАНТИ... Во 1959 г. го снима првиот филм во боја ЛОТНА, кој подоцна самокритично ќе го оцени како неуспешен. Потоа, со филмот НЕВИНИ ВОЛШЕБНИЦИ ѝ се навраќа на црно-белата фактура – со Јиржи Анджејевски и Јиржи Сколимовски како сценаристи и Роман Полански како актер – па следуваат епските драми САМСОН (1961) и СИБИРСКАТА ЛЕДИ МАГБЕТ (1962) во југословенска продукција, а и ВРАТИ НА РАЈОТ (Gates to Paradise; 1968) во југословенско-англиска копродукција, како и воениот спектакл ПЕПЕЛТА во 1965. Во средината на шеесеттите години, често престојувал во тогашна Југославија, посебно во Белград, па бил заинтересиран да сними филм според два раскази на нобеловецот Иво Андриќ, „Приказни за везировиот слон“ и „Мара милосницата“, а ја развивал идејата за филм инспириран од Гаврило Принцип и другите атентатори на автроунгарскиот принц Фердинанд во Сараево 1914 година.

Кон крајот на шеесеттите им се враќа на актуелните полски теми, па го снима СÈ Е НА ПРОДАЖБА (Wszystko na sprzedaź, 1968) како омаж на нему омилениот актер Збигњев Цибулски, кој трагично загинал во сообраќајна несреќа. Следуваат романтичната комедија ЛОВ НА МУШИЧКИ (Polowanie na muchy, 1969), воената драма ПЕЈЗАЖ ПО БИТКА (Krajobraz po bitwie, 1970), а со новиот заштитен знак на неговите филмови, актерот Даниел Олбрицки, ги снима и БРЕЗОВАТА ШУМА (Brzezina, 1970) и историската драма ВЕТЕНАТА ЗЕМЈА (Ziemia obiecana, 1975), која постигнала голем успех: номинација за „Оскар“ за најдобар странски филм и најдобар полски филм таа година.

Паралелно со филмот поставува и успешни претстави во полските театри, често користејќи го методот да ја „провери“ темата на театсрките штици, а потоа пред филмските камери. Таков е случајот со ВЕТЕНАТА ЗЕМЈА, СВАДБА (Wesele, 1973) и ГОСПОЃИЦИТЕ ОД ВИЛКИ (Panny z Wilka, 1979), а подоцна и БЕСОВИ (Les possédés, 1988) според Достоевски и ДАНТОН (Danton, 1983) – обата во француска продукција.

Во седумдесеттите години од минатиот век, историјата на филмот сведочи на зрелата фаза во творештвото на Вајда, кога се нижат: БЕЗ АНЕСТЕЗИЈА (Bez znieczulenia, 1978) со „Награда на екуменското жири“ во Кан; ЧО-

ВЕК ОД МЕРМЕР со наградата ФИПРЕСЦИ во Кан; ЧОВЕК ОД ЖЕЛЕЗО со „Златната палма“ и „Наградата на екуменското жири“ на *Канскиот фестивал* во 1981, како и со номинација за „Оскар“, кога тогашните комунистички власти во Полска го повлекуваат филмот од компетиција.

Во осумдесеттите години Вајда повторно снима европски копродукции. Со ДАНТОН (Danton 1983), со Жерар Депардје во главната улога – ја освојува националната филмска награда на Франција „Цезар“ за режија; во Германија го снима ЉУБОВ ВО ГЕРМАНИЈА (Eine Liebe in Deutschland, 1983), во Полска го реализира ХРОНИКА НА ЉУБОВНИТЕ НАСТАНИ (Kronika wypadków milosnych, 1986), а во Франција го снима БЕСОВИ (1988).

И покрај годините, Вајда и на преминот на векот снима филмови, речиси до самиот крај на животот. Неговата филмографија е збогатена со биографската драма КОРЧАК (Korczak, 1990), па следуваат НАСТАСЈА ФИЛИПОВНА според „Идиот“ на Достоевски (1994), воената драма ГОСПОДИН ТАДЕУШ (Pan Tadeusz, 1999), како и ОДМАЗДА (Zemsta, 2002), според неговата театарска претстава, во која повторно соработува со Роман Полански.

Во 2007 година го реализира КАТИН (Katyn), историската драма за масакрот на полските офицери во Катинската шума во 1940 година, кога настрадал и татко му, и кој бил прогласен за филм на годината во Полска, а добил и номинација за „Оскар“ за најдобар странски филм. Меѓу последните реализирани филмски наслови се: СЛАТКО ЗНАМЕ (Tatarak, 2009) со Кристина Јанда; потоа биграфската драма ВАЛЕНСА: ЧОВЕК НА НАДЕЖТА (Walensa. Czlowiek z nadziei, 2013) за водачот на полското движење Солидарност, и повторно биографската драма ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ СЛИКИ (Powidoki / Afterimage, 2016) – за животот и творештвото на полскиот сликар Владислав Стржемински (Wladyslaw Strzeminski).

Меѓу општествените активности на Вајда забележани се политичката активност како член на Сенатот на Полската Република од 1989 до 1991 и член на Советот за култура на полскиот претседател од 1992 до 1994. Вајда го основал и *Јапонскиот центар за уметност и технологија* во Краков (1994), а во 1997 е примен во француската *Академија на уметностите* (Académie des Beaux Arts).

...

Во книгата „Антонио Митриќески: Хроника на еден филмски сон“ има едно сеќавање на нашиот филмски режисер додека студирал на прочуената *Филмска академија во Лоѓ,* Полска. Од таа филмска школа потекнуваат и Анджеј Вајда и Роман Полански, па неретко биле гостувачки професори. Митриќески во книгата ги опишува различните „методологии“ на тие часови на филмските магови. Наспроти темпераментниот и вечно разбушавен Роман Полански, кој знаел и да се скара со студентите и слушателите од другите школи кои присуствувале на неговиот мастерклас, Вајда најпрвин на катедрата подредувал, како под конец, неколку пенкала и нотес, а потоа започнувал со предавањето.

Има некој таков ред и естетска дисциплина и во неговата филмографија. Неговиот дебитантски долгометражен игран филм носи наслов ПОКОЛЕНИЕ: толкувањето на овој термин во македонскиот речник како генерација или потомство, луѓе речиси на иста возраст со слични сфаќања и што живеат во еден временски период, некако совршено одговара на едно авторско пледоаје, кое одново и одново ќе се потврдува во наредните шеесеттина години во полската кинематографија. Вајда заминува на 90-годишна возраст, но неговите последни наслови, два документарни филмови, се промовирани по неговата смрт во 2017 и 2019. Не случајно еден од посмртно објавените филмови е документарецот МОИТЕ ИНСПИРАЦИИ (Andrzej Wajda: Moje inspiracje / Andrzej Wajda: My Inspirations), чиј наслов е повеќе од сигнификативен.

И не може, а да не се забележи една силна и темелна политичко-социјална ангажираност во неговите филмови. Како го постигнувал тоа?

Во антологиското интервју од 1987 година со Лика Лукиќ, авторка на култната емисија „Учесник и сведок“, која своевремено се емитуваше на белградската телевизија, Вајда, меѓу другите битни моменти во дејствувањето на еден филмски режисер, кажа две работи: „Денес веќе нема филмови што се наменети за сите гледачи, а да правиш филм за поединци и избрани, за мене – воспитан на старата филмска традиција – е неприфатливо. Тоа го сметам за голем и потполн пораз“, велеше Вајда.

Тоа интервју е печатено во некогашното српско издание на неговата книга „Филм наречен желба“ („Powtórka z całości“), чие оригинално нецензурирано издание излегува како самиздат во 1986 година, а подоцна неколку пати е препечатувана и преиздавана. Мала по обем, „книшката“ на Вајда за филмот е повеќе од прирачник – таа е вистинска „библија“ за сите млади режисери. Во неа Вајда вели вака: „Се прашував што би можел да го советувам младиот режисер-почетник, чии проблеми не се врзани само за уметноста, туку и за комуникацијата со луѓето со кои работи на филмот: со актерите, со снимателската екипа, со луѓето кои го финансираат филмот. Тие релации се ретко опишувани во прирачниците за младите режисери, а јас лично ги сметам за фундаментални, бидејќи да се биде режисер не значи само да се има талент, или стручно знаење, ниту општа култура – туку е потребна и одредена психичка отпорност, која му овозможува на младиот човек да биде режисер. Приметив дека многу талентирани режисери ја немаат таа кондиција, и потклекнуваат на тоа место, бидејќи не размислуваат за тие проблеми. Затоа помалку талентираните снимаат филмови, а поспособните си заминуваат, не можејќи да ја издржат пресијата...“.

Се чини дека нема поверодостојна порака за младите филмаџии, но и поверодостојна оценка за еден опус како тој на Вајда.

•••

Вајда им се одолжува на сите полски жртви во Катинската шума со КАТИН, еден од неговите последни филмови. И покрај трагичната судбина на татко му, кој бил сурово ликвидиран од руско-советската војска во Катинската шума во 1940 година – а и покрај тоа што во интервјуата и излагањата

често споменувал дека тој и неговата генерација немале надеж дека некогаш ќе ја видат Полска слободна и самостојна земја надвор од советското влијание – Вајда не си дозволил да „не ја гледа шумата од дрвата", како што гласи библиската мудрост, кога станува збор за уметноста. Таа мудрост ја користи и Фјодор М. Достоевски како мото на еден негов роман.

За Достоевски, Вајда во својата книга „Филм наречен желба" – ќе напише: „Кај Достоевски барам нешто свое. Тој е писател кој надлабоко ги сфатил и проникнал во болестите на општеството. Тие болести и нас нè стигнаа, и допрва ќе боледуваме од нив. Достоевски еднаш рекол дека целата иднина на човештвото ќе се разреши во следниот век, а тоа е токму овој во кој живееме – 20-тиот век...! Сакам да работам според романите на Достоевски токму затоа што ја дава визијата на настаните кои се случуваат во нашиот век и пред нашите очи".

Страст на Вајда, освен филмовите, бил и театарот, каде што се забележани неколку негови исклучително успешни поставки на полските и европските театарски сцени, од *Стариот театар* во Краков до Париз. Токму драматизациите на Вајда на романите „Злосторство и казна", „Бесови" („Зли дуси"; снимил и истоимен филм) и „Идиот" (под насловот „Настасја Филиповна") од Достоевски, се користени и од разни режисери на разни меридијани – како многу инспиративни и податни за инсценација. (Мала дигресија: ако сеќавањето не ме лаже, и Златко Славенски, прерано починатиот мајстор на театарската режија и професор на *ФДУ*, ја користеше токму драматизацијата на Вајда во неговата поставка на „Бесови" во Македонскиот народен театар пред десетина години).

•••

Вајда секогаш го истакнувал компактниот тим со кој работел филмови во одредени периоди – од кинематографери, монтажери, сценографи и костимографи, меѓу другите – а секако и актери со кои имал честа соработка. Најмалку тројца актери ги одбележаа неговите филмови, или, обратно, може слободно да се каже дека Вајда низ неговите филмови создаде неколку извонредни актери: Збигњев Цибулски, Даниел Олбрицки, Јежи Радзивилович, итн. Во тој авторски „хабитус" на Вајда има и една исклучителна актерка, Кристина Јанда.

Во книгата „Филмот наречен желба" – Вајда во кратки цртички ги опишува соработниците. За писателот и сценарист Јежи Анджејевски забележува „Пистаел, моралист, перфекционист". За Збигњев Цибулски, кого нагалено го нарекува Збишек, пишува: „Ме задолжи со најуспешниот лик во мојот филм, Мачеј Хелмицки во ПЕПЕЛ И ДИЈАМАНТИ. Идол на младите Полјаци, стана легендарна личност. Неговата трагична смрт во 1967 беше инспирација за мојот филм СÈ Е НА ПРОДАЖБА".

За Даниел Олбрицки пишува: „Играше во многу мои филмови. Секогаш сакаше да стане наследник на Цибулски – и тоа, без сомнение, го постигна. Неговата голема популарност кај публиката никогаш не ја ослаби неговата професионална одговорност". За Јежи Радзивилович вели вака: „Неговата дарба и неговото лице, кое веднаш ја изразува волјата и вистинитоста, ги

открив уште додека беше студент по глума во Варшава". За Јежи Ставински: „Му должам за сценариото на КАНАЛ... Како млад офицер на Армија Крајова учествувал во варшавското востание. Ја инспирираше целата моја генерација полски синеасти".

За Кшиштоф Занууси вели дека е на чело на колоната на полските синеасти кои ја наследиле неговата генерација: „Интелектуалец, рационалист, прагматичар, стратег и тактичар, полиглот: ги има сите квалитети што мене ми недостасуваат".

За Ањешка Холанд го пишува следново: „Режисер, сценарист, го напиша за мене сценариото на БЕЗ АНЕСТЕЗИЈА и соработувавме на мојот филм ЉУБОВ ВО ГЕРМАНИЈА. Авторка на исклучителните филмови ПРОВИНЦИСКИ ГЛУМЦИ, ТРЕСКА, ОСАМЕНА ЖЕНА... Затвореноста на нејзиниот карактер е исклучителна (само жена е кадра за такво нешто)". А за Кристина Јанда вели: „... Уште беше студентка кога ја открив нејзината животност, нејзината жестина, нејзината динамичност, нејзината неисцрпна енергија".

Навистина, ваквите оценки за соработниците можат да бидат само – бесценети. Впрочем, како и кариерата на Анджеј Вајда која одбележа цел еден век на полската кинематографија.

На неговото филмско поколение...

**Филмски циклус:**
**НЕДЕЛА НА ПОЛСКИ ФИЛМ**

КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KINOTEKA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
CINEMATHEQUE OF REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Издавач:**
Кинотека на Република Северна Македонија
ул. Никола Русински бр. 1, Скопје
п. фах: 16, Скопје
тел.: + 389 2 307 1814
+ 389 2 3065 968
+ 389 2 307 1813
e-mail: kinoteka@ukim.edu.mk
web.: kinoteka.mk

**За издавачот:**
Владимир Ангелов

**Реализација:**
Кире Велков
Петар Волнаровски
Тихомир Кашмицовски
Дамјана Ивановска-Патчева
Миле Миленковски
Емил Костовски
Виолета Петрушевска
Бојан Станишиќ
Александра Младеновиќ
Стојан Синадинов
м-р Игор Старделов
Александар Трајковски
Соња Неделковска
Александар Василевски

**Лектура:**
Крстевски Ѓорѓи

**Дизајн:**
Игор Сековски

**Печати**:
Арт принт студио

ISBN: 978 - 608 - 5010 - 02 - 8

Програмата е реализирана во соработка со:
Амбасадата на Република Полска во Скопје

Амбасада
на Република Полска
во Скопје

КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР-БИТОЛА

Република Северна Македонија
Министерство за култура
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

EUROPA CINEMAS
Creative Europe MEDIA